# МЕДИЦИНСКО-ПРАВНИ СОВЕТИ ЗА **ВОЗРАСНИ, ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО**



Hôpitaux Universitaires Genève

Centre Universitaire Romand Médecine Légale

REPUBLIQUE ET CANTON DE GENEVE

POST TENEBRAS LUX

# За што станува збор?

Советувањето во Медицинскиот оддел за насилства (Unité de médecine des violences - UMV) е наменето за секое возрасно лице што било жртва на насилство, без оглед дали се работи за насилство од брачна, семејна или општествена природа (на јавно или на работно место, на пример).

Советувањето го спроведува посебно формиран болничарски тим, кој тесно соработува со лекари форензичари

**Советувањето е доверливо и бесплатно.**

# Што им се нуди на жртвите?

**Советувањето им обезбедува на жртвите:**

- прием и внимателно сослушување што ќе им овозможи на жртвите да ги раскажат насилните случувања со кои биле соочени.
- клиничко испитување на доживеаните насилни дејства што ќе овозможи да се изработи медицинско-правна документација (записник за ударите и повредите, фотографии на раните). Записникот ќе може да ѝ помогне на жртвата да ги оствари своите права.
- насочување кон системот на вмрежени институции и сродни здруженија.

**Како се закажува преглед?**

Со повик на ☎ 022 372 15 00

- од понеделник до петок помеѓу 8 и 12 ч и помеѓу 14 и 16 ч,
- во викенди и неработни денови помеѓу 8 и 12 ч.

# Како се стигнува дотаму?

## Медицинско-правни совети за возрасни, жртви на насилство

Rue Jean-Violette 29
1205 Genève

CURML • Macédonien • Novembre 2024

